**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-11/24**
**10.06.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упатството за споведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 20.05.2024 година, со дополнување на барањето на 21.05.2024 и 22.05.2024 година од Славица Димитриевска, ул„… Скопје, Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 10.06.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Славица Димитриевска од Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 20.05.2024 година, со дополнување на барањето на 21.05.2024 и 22.05.2024 година, поднесе Славица Димитриевска од Скопје, со кое побара:

- Вкупен број на кривични предмети против деца во судир со закон (14-18 годишна возраст) за периодот 2018-2023 година, разложено по години,
- Вид на кривични дела за кои се гонат децата,
- Вкупен број на осудени деца во судир со закон по година (период 2018-2023 г) според кривично дело,
- Вид на изречени кривични санкции,
- Возраст на осудените деца во судир со закон,
- Пол на осудените деца во судир со закон
- Етничка припадност на осудените деца во судир со закон.

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција, односно во АКМИС-систем утврди дека во 2018 година заведени се 63 кривични предмети против деца во судир со закон на 14-18 годишна возраст) во 2019 година има 53 кривични предмети против деца во судир со закон на 14-18 годишна возраст) во 2020 година заведени се 40 кривични предмети против деца во судир со закон на 14-18 годишна возраст) во 2021 година заведени се 26 кривични предмети против деца во судир со закон на 14-18 годишна возраст) во 2022 година заведени се кривични предмети против деца во судир со закон на 14-18 годишна возраст) во 2023 година заведени се 9 кривични предмети против деца во судир со закон на 14-18 годишна возраст).

Во врска под точка 2 од барањето, во 2018 година децата се гонат за кривични дела по чл.297 ст.3, чл.130 ст.1, чл.236 ст.5, чл.130 ст.1, чл.386 ст.3, чл.242 ст.1 , 385 ст.3, чл.235

ст.1, чл.374 ст.3, чл.382 ст.3, чл.145 ст.1, чл.386 ст.3, чл.418 ст.5, чл.368 ст.3, чл.261 ст.1, чл.366 ст.3, чл.259 ст.1, чл.242 ст.1, чл.259 ст.1, чл.237 ст.1, чл.378 ст.3 од КЗ.

-во 2019 година децата се гонат за кривични дела по чл.297 ст.3, чл.130, чл.236, чл.383, чл.386, чл.237, чл.386, чл.235, чл.386 ст.3, чл.215, чл.188, чл.242, чл.123, чл.261, чл.193, чл.288, чл.193, чл.144, чл.268, чл.131, чл.188 од КЗ.

-во 2020 година децата се гонат за кривични дела по чл.188, чл.215, чл.236, чл.383, чл.386, чл.233, чл.206, чл.235, чл.238, чл.300, чл.288, чл.242, чл.261, чл.193, чл.288, чл.193, чл.144, чл.268, чл.131, чл.188 од КЗ.

-во 2021 година децата се гонат за кривични дела по чл.235, чл.233, чл.215, чл.236, чл.149, чл.386, чл.383, чл.130, чл.188, чл.378, чл.297, чл.251, чл.215, чл.188 од КЗ.

-во 2022 година децата се гонат за кривични дела по чл.236, чл.386, чл.131, чл.300, чл.378, чл.297, чл.206, чл.130, чл.394, чл.261, чл.297, чл.215 од КЗ.

-во 2023 година децата се гонат за кривични дела по чл.251, чл.300, чл.236, чл.386, чл.235, чл.130 од КЗ.

Во врска со т.3 од барањето во 2018 година, осудени се 75 деца, во 2019 година осудени се 60 деца, во 2020 година осудени се 42 деца, во 2021 година осудени се 34 деца, во 2022 година осудени се 28 деца, во 2023 година осудени се 8 деца.

Под точка 4 во период 2018-2023 година на деца во судир со закон изречени кривични санкции се Укор, Засилен надзор од страна на родители, Засилен надзор од страна на Центар за социјална заштита.

Под точка 4 од барањето, во 2018 година осудени деца во судир со закон се на возраст од 14,15 16, 17 години, во 2019 година осудени деца во судир со закон се на возраст од 14,15 16, 17 години, во 2020 година осудени деца во судир со закон се на возраст од 14,15 16, 17 години, во 2021 година осудени деца во судир со закон се на возраст од 15 16,17 години,во 2022 година осудени деца во судир со закон се на возраст од 15 16, 17 години, во 2018 година осудени деца во судир со закон се на возраст од 14,15 16, 17 години.

Под точка 5 од барањето, во 2018 година осудени се 75 машки деца во судир со закон, во 2019 година осудени се 58 машки деца и 2 женски деца во судир со закон, во 2020 година осудени се 39 машки деца и 3 женски деца во судир со закон, во 2021 година осудени се 31 машки деца и 3 женски деца во судир со закон, во 2022 година осудени се 28 машки деца, во 2023 година осудени се 8 машки деца во судир со закон.

Под точка 6 од барањето, во 2018 година осудени се 35 деца припадници македонска националност, 14 деца роми, 15 деца припадници на албанска заедница, 1 припадник на турска заедница, во 2019 година осудени се 30 деца припадница на македонска националност, 21 деца припадници на албанска националност, 7 деца припадници на ромска заедница, 2 деца припадници на српска заедница, во 2020 година осудени се 18 деца припадница на албанска националност, 10 деца роми, 13 деца припадници на македонска националност, 1 турчин, во 2021 година осудени се 25 деца припадница на македонска националност, 6 деца припадници на албанска националност, 3 деца роми, во 2022 година осудени се 11 деца припадница на македонска националност, 15 деца припадници на албанска националност, 2 деца роми, во 2023 година осудени се 7 деца припадница на македонска националност и 1 дете припадник на албанска националност.

Основен суд Куманово, СПИ - 11/24 од 10.06.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана  Максимовска